# ЗБОРНИК
## НА ТРУДОВИ
## 70 ГОДИНИ

ЗАВОД И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

1952
2022

70 ГОДИНИ
ОД БЕЗВРЕМЕНОСТА
НА ГРАДОТ!

НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА
NI INSTITUTE AND MUSEUM STRUMICA

**ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА И
ИСТОРИСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
ЕДИЦИЈА – ЈУБИЛЕИ

**КНИГА 1**

INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS
OF CULTURE AND MUSEUM
STRUMICA

# COLLECTION
## OF WORKS
## 70 YEARS

INSTITUTE AND MUSEUM - STRUMICA

Strumica, 2022

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# ЗБОРНИК
## НА ТРУДОВИ
## 70 ГОДИНИ

ЗАВОД И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

Струмица, 2022

**УРЕДНИЧКИ ОДБОР** | **EDITORIAL BOARD**

Васил Ѓоргиев – Ликин,
главен уредник

Vasil Gjorgiev-Likin,
editor - in - chief

членови:
Зоран Ријак
Ване П. Секулов
Бранко Ѓоргиев
Душко Цветанов

Editorial members:
Zoran Rujak
Vane P. Sekulov
Branko Gjorgiev
Dushko Cvetanov

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(497.7)(082)
930.85(497.7)(082)

ЗБОРНИК на трудови: 70 години Завод и музеј-Струмица = Collection of works 70 years „Institute and Museum" – Strumica / преведувач од македонски на англиски јазик: Милкица Масева. - Струмица : В. Јованов, 2022 (Скопје : Фокус Принт,). - 102 стр. : илустр. ; 24 см. - (Едиција Јубилеи / Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, Одделение за историја и историско културно наследство ; Кн.1)

Напоред. насл. на макед. и анг. јазик. - Summary

ISBN 978-608-4845-17-1

а) Историја -- Македонија -- Зборници б) Културна историја -- Македонија -- Зборници

COBISS.MK-ID 58619141

# ПРИГОДНИ ПРИЛОЗИ
# SUITABLE ARTICLES

UDK 271.22(497.771)"18"

# ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ВО ОХРИДСКАТА ЕПАРХИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

**Виктор Недески**
Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје
Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски"

Втората половина на XIX век претставува особено турбулентен период од црковната историја на престолниот град на древната Охридска архиепископија. Општо познато е дека со укинувањето на архиепископијата во 1767 г., нејзините епархии ѝ припаднале на Константинополската патријаршија. Најпрво градот Охрид бил вклучен во диецезата на Драчката митрополија, после коешто му било вратено античкото име Лихнидос[1]. Така, Охрид бил лишен не само од својата црковна независност туку и од митрополитска катедра.

Во 1776 г., градот бил присоединет кон Преспанската епархија и станал седиште на митрополит кој најчесто се титулирал како „Преспански", или „Преспански и Лихнидски", а многу ретко како „Охридски"[2]. Кратко по укинувањето, уште во 1776 г., започнала борбата на охриѓани за возобновување на својата епархија. На нивна страна застанал и митрополитот Исаија. Но, ова не ѝ се допаднало на Константинополската патријаршија која го обвинила Исаија дека создава смут меѓу архијереите на поранешната Охридска архиепископија. Исаија бил заменет со митрополитот Кипријан, а него го наследил митрополитот Калиник, кој бил Грк од Галиполе и останал на Охридската катедра 41 година, од 1802 г. до 1843 г. Иако бил Грк, Калиник останал запомнет по тоа што дозволувал да се богослужи на словенски јазик, па дури и да се читаат Евангелието и Апостолот на народен охридски говор, а се грижел и образованието во градот да биде на висок степен[3].

По Калиник, на Охридската катедра дошол Јосиф кој се задржал многу кратко на оваа катедра, а него во 1847 г., го заменил Дионисиј. Дионисиј бил преместен во Охрид од Ќустендилската епархија, откако по неуспешниот избор на Артемиј Ќустендилски за александриски патријарх, тој си се вратил во својата стара епархија, па Дионисиј бил принуден да ја напушти неа. . Дионисиј имал албанско потекло, односно бил Арбанаш од островот Андрос, а во младоста се стекнал со солидно образование. Негова најголема слабост бил алкохолот[4]. Во Охрид пристигнал заедно со својот протосингел Мелетиј и

1 Д. Калев, Българският църковно-народен въпрос в Охридска епархия, Сто години от учредяването на Българската екзархия, София, 1971, 297.
2 И. Снегаров, Град Охрид. Исторически очерк (I част), Македонски преглед, 1, София, 1928, 115.
3 В. Съветник, бр. 9 од 30 мај 1864 г. (Допис на К. Шапкарев од Охрид).
4 К. Шапкарев, За възраждането на българщината в Македония. Неиздадени записки и писма, София, 1984, 53.

во почетокот успеал да се спријатели со охридската граѓанска елита предводена од Константин Робев, Димитриј Паунчев и Сотир Кецкаров. Но, ваквото пријателство траело кратко зашто несовесното однесување на Дионисиј и на неговиот протосингел Мелетиј, кој го заменувал кога тој бил отсутен[5], го навлекло гневот на охриѓани кон нив. Имено, наместо да се грижи за развој на просветната дејност, Дионисиј претворил многу училишта во храмови, како што било тоа во Долна влашка маала, а храмовите ги продавал како сопствени имоти. Така постапил и со храмот Свети Јован Богослов во Канео, кој го продал на икономот отец Константин и на неговиот брат Андроник за осум илјади гроша[6]. Исто така, Дионисиј со сила го наметнувал грчкиот јазик како задолжителен во богослужението и забранувал да се богослужи на словенски. Дури му наредил на епитропот Наум Марин да ги изгори сите црковнословенски ракописни и печатени книги од црковната библиотека во Струга[7].

Околу 1850/51 година, незадоволството од владиката Дионисиј кулминирало со организирање на серија протести, кои завршиле со затворање на видни охридски граѓани, како што биле Димитар Паунчев, Сотир Кецкаров и двајца ресенчани на Света Гора во 1853 г., како што било наложено со посебен такрир на Константинополската патријаршија[8]. Иако изгледало дека овие протести го привлекле вниманието на Константинопол, што резултирало со испраќање на двајца егзарси од Константинопол во Охрид,[9] а Дионисиј бил повикан во Константинопол да даде објаснување за незадоволството на народот од него, сепак, во 1855/56 година тој се вратил во Охрид ослободен од било каква вина.

Во меѓувреме, на 27 јули 1854 година, во храмот Свети Никола во Крушево протосингелот Мелетиј бил хиротонисан за велички епископ и назначен за намесник на Преспанската и Охридската митрополија. Мелетиј бил роден околу 1814 година, во цариградскиот кварт Арнавуткој[10], а потекнувал од градот Михањона во околината на Кизик во Мала Азија. За него Кузман Шапкарев запишал: „Мелетиј, родум Грк од цариградското предградие Арнауткој, човек неук, но личен и претставителен; а, од друга страна, лукав и злобен како вистински фанариот, дојде за прв пат во нашиот град и епархијата заедно со Охридскиот митрополит Дионисиј како негов протосингел, кој во случај на отсуство на митрополитот, управуваше наместо него со митрополиските работи или како негов намесник го претставуваше во Ресен или во Крушево, каде поминуваше подолго време. Во последните години од престојот на Дионисиј во Охрид, Мелетиј беше издигнат во епископски чин со титула Велички епископ... Во времето на своето протосингелство во Охридската епархија, Мелетиј освен блудничкиот живот, за кој сметам дека е излишно да го изложувам подетално, претставуваше олицетворение на вистински „крџалија" – го малтретираше и ограбуваше народот, му ја земаше покуќнината, доколку некој не беше во можност да му ја плати справедливата или несправедливата владичнина. За венчавка бараше и земаше неверојатни суми, само ако би се појавило некакво помалку или повеќе сомнително сродство. Инаку, исто така беше нечовечен и безмилостив злотвор и предавник, со еден збор вистински злобен човек... По издигнувањето во епископски чин, Мелетиј започна со интриги и против својот старец Дионисиј, поради што беше преместен во Босна, каде што ја извршуваше должноста на Зворнички митрополит..."[11].

Така, согласно со сведоштвото на Шапкарев, Мелетиј бил безкрупулозна

[5] Шапкарев, *op. cit.*, 54.
[6] Шапкарев, , *op. cit.*, 53.
[7] З. Маркова, Българското църковно-национално движение до Кримската война, София, 1976, 61-62.
[8] Шапкарев, *op. cit.*, 54.
[9] Маркова, *op. cit.*, 156.
[10] Шапкарев, *op. cit.*, 103.
[11] Шапкарев, *op. cit.*, 71.





личност, а го искористил отсуството на Дионисиј за да прави сплетки и против него, што резултирало со негово отстранување од Охрид. Во средината на 1858 година, Дионисиј е преместен од Охрид и е вратен назад во Ќустендилската епархија, а на неговото место во Охрид е поставен митрополитот Јоаникиј[12]. Според други извори, Дионисиј ја возглавувал Охридската епархија до 1859 година[13].

Јоаникиј бил родум од Елбасан, а по потекло Албанец. Во 1845 година најпрво бил избран за митрополит во Драчката епархија[14]. По 14 години митрополитска дејност во Драч, во ноември 1858 година, бил преместен во Охрид за да го замени Дионисиј, кој како туѓинец не бил прифатен од домородното население[15]. Јоаникиј не се противел на богослужението на словенски јазик. Но, архијерејството на Јоаникиј во Охрид не траело долго. Имено, на 23 април 1859 година, тој заминал во Цариград како член на Светиот Синод[16], а кон крајот на годината умрел од дизентерија. Шапкарев за него запишал: „Јоаникиј претходно беше Драчки [митрополит], родум Арнаутин од градот Елбасан, човек добродушен, богобојазлив, побожен, човекољубив и слободен од секоја грко-владичка зараза, со еден збор, вистински средновековен христијанин, кој во нашето дело не гледаше ништо противхристијанско... Поради тоа и кога помина низ Струга одејќи во епархискиот престолен град Охрид, од народот беше пресретнат со голема радост и восхит. Освен тоа, тој по неколку месеци, повикан, отиде во Цариград, за да узнае колку ѝ должи на Патријаршијата за својата нова Охридска епархија, како за својот сопствен долг за неа, така и за недоплатениот од неговиот претходник. Таму неговото високопреосвештенство остана доста долго време, околу година и половина, а едвај неколку месеци пред својата смрт, која се случи на 25 декември 1859 г., се врати во својата епархија и тоа многу болен од дизентарија, од која и умре"[17]. Истиот ден, Димитар Миладинов пристигнал во Охрид и по негова иницијатива охриѓани испратиле петиција до Патријаршијата, во која барале да им биде испратен домороден владика.

Ова барање било поттикнато и од фактот што три месеци пред смртта на Јоаникиј, при уредувањето на унијатскиот бунт во Кукуш, Константинополската патријаршија му ветила на епископот Иларион Макариополски дека епископските катедри во епархиите со доминантно словенско население по нивното овдовување ќе бидат пополнувани со епископи од словенско потекло[18]. Поведени од ова ветување, по смртта на Јоаникиј, охриѓани побарале во Охрид да биде поставен митрополит со словенско потекло. Од нивна страна биле предложени тројца кандидати: епископот Иларион Макариополски, Авксентиј поранешен велешки митрополит и архимандрит Антим (идниот видински митрополит и егзарх). Следувале уште три петиции, од 27 декември 1859 година, од 20 јануари 1860 година и од 20 февруари 1860 година. Втората била потпишана од 12 000 граѓани[19].

Населението во епархијата го фаворизирало поранешниот велешки митрополит Авксентиј (родум од Самоков), кој бил без епархија веќе неколку години. На почетокот на февруари 1860 година, двајца претставници од Охрид пристигнале во Цариград, каде што бил и Авксентиј, со махзар од епархијата, долг 22 аршина (т.е. 15 метри) и потпишан од 9000 епархиоти. Тие го молеле Авксентиј да им стане епископ, но

[12] Шапкарев, *op. cit.*, 71.
[13] Ν. Μπάλλας, Ιστορία του Κρουσόβου, Θεσσαλονίκη, 1962, 28.
[14] Α. Αλεξούδης, Σύντομος ιστορική περιγραφή της Ιεράς Μητροπόλεως Βελεγραδών και της υπό την πνευματικήν αυτής δικαιοδοσίαν υπαγομένης χώρας, Εν Κερκύρα, 1868, 149.
[15] Β. Δ. Καλλίφρονος, Εκκλησιαστικά η Εκκλησιαστικόν δελτίον, Κωνσταντινούπολις, 1867, 158.
[16] Καλλίφρονος, *op. cit.*, 164.
[17] Шапкарев, *op. cit.*, 77.
[18] С. Радев, Македония и Българското възраждане, София, 2013, 121.
[19] Н. Табаков, Братя Миладинови. Биография, София, 1966, 66-67.

тој категорично одбил бидејќи бил стар и не сакал да оди во далечна епархија[20].

Првенствено патријархот Кирил VII Константинополски изјавил дека го прифаќа тоа барање, но спротивно на тоа, со одлука од 11 јануари 1860 година[21] за архијереј на Охридската епархија го поставил епископот Мелетиј Велички, кој цели 10 години бил протосингел на митрополитот Дионисиј. Оваа постапка на Патријаршијата резултирала со бурни реакции. Охридските кожари кои работеле во Цариград – браќата Менчеви, браќата Паунчеви и браќата Кецкарови ја молеле Патријаршијата да се откаже од ваквата намера, но без успех. Една од поголемите реакции на овој избор била и Велигденската акција од 1860 година, со која домородните црковни водачи од Македонија и Бугарија објавуваат прекин на општењето со Константинополската патријаршија[22]. Имено, на 28 февруари 1860 година, Мелетиј пристигнал во Цариград[23] и ја зазел митрополитската катедра во Охрид и покрај силното противење на локалното население. Како реакција на ова, на 3 април 1860 година, за време на празничната богослужба за воскресението во тогашниот древен храм Свети Стефан во Цариград, епископот Иларион Макариополски не го спомнал името на константинополскиот патријарх, туку „секое православно епископство“ што е карактеристика на поглавар на автокефална црква, а во другите делови од богослужбата место патријархот Кирил VII го споменувал султанот Абдул Меџит I, како легитимен владетел.

Мелетиј пристигнал во својата епархија на 1 април 1860 година, но не отишол во Охрид, туку останал во Крушево. Кога разбрале за изборот и доаѓањето на Мелетиј во епархијата, селаните од охридската околија ги предупределе охридските првенци дека ако го примат Мелетиј во градот, ќе дојдат ноќе и ќе ја запалат зградата на митрополијата заедно со митрополитот. Наоѓајќи се во вакви околности, охриѓани организирале сеопшто собрание на кое била донесена одлука учителот Јанаки Стрезов да напише протестно писмо против владиката, кое веднаш било потпишано од 4-5 илјади души, и да биде испратен еден градски старешина за да го предупреди Мелетиј да не доаѓа во Охрид[24]. И покрај ваквите реакции, на 9 април 1860 година, Мелетиј со придружба од 10 стражари се упатил во Охрид, каде што бил пречекан од гркоманите во градот. Но, по наредба на градските првенци, свештениците не излегле да го пречекаат. По негова заповед, на Томина недела (17 април 1860 година) сите свештеници биле повикани да богослужат во соборниот храм „Свети Климент“ во Охрид. Но, на овој повик одговориле само двајца свештеници. На богослужбата присуствувале гркоманите, турските стражари и доста ученици и деца. Штом Мелетиј почнал да ја чита патријаршиската одлука за неговото поставување, следела бурна реакција од учениците кои го изјавувале своето незадоволство од неговиот избор[25].

Најенергичен противник на Мелетиј бил учителот Димитар Миладинов со кого соработувале и неговите колеги Јанаки Стрезов и Кузман Шапкарев. Поддржувачи, пак, на Мелетиј во Охрид биле првенците Стефан Димитриев Владиков (незаконски син и наследник на митрополитот Калиник) и Анастас Зарче. Преку различни интриги и со помошта на битолскиот митрополит Венедикт, Мелетиј успеал да издејствува на 16 февруари 1861 година, Димитриј Миладинов да биде уапсен и испратен во Цариград[26]. Но, охриѓани не се исплашиле од интригите на митрополитот, а оваа негова постапка довела до уште поголема

[20] НБКМ – БИА, ф. 33, а. е. 57, л. 23-24. Писмо на Авксентий Велешки до Захари Хаджигюров в Самоков.
[21] Καλλίφρονος, *op. cit.*, 173.
[22] Радев, *op. cit.*, 122.
[23] Καλλίφρονος, *op. cit.*, 174.
[24] Табаков, *op. cit.*, 67-68.
[25] Табаков, *op. cit.*, 68
[26] И. Снегаров, Нови данни за българщината в Македония, Македонски преглед, 4, София, 1925, 58; Ц. Миладинова, Епоха, земя и хора, София, 1985, 299.





омраза на народот кон него. Веројатно поради тоа, тој претпочитал да поминува повеќе време во Ресен отколку во Охрид. На 9 април 1861 година, „првенците на Прва Јустинијана или Охрид“ испратиле известување во Цариград во кое пишувало: „Бидејќи [Мелетиј] нам ни е познат одблизу по својот нескромен живот и по различните насилни дејствија и злоупотреби и најмногу од сè, заради неговото незнаење, сметавме дека е недостоен да го прифатиме...“[27]. Во борбата против грцизмот и Мелетиј, особено се истакнал Григор Прличев, кој во својата Автобиографија запишал: „Уште во 1861 го почнавме со Јакима Сапунџиев народниот подвиг, но го почнавме глуво. Времето уште не беше згодно. Грцизмот во Охрид од векови беше се вкоренил и до сега сè растел и растел“[28].

Митрополитскиот дом се наоѓал во поранешната архиепископска палата во дворот на соборниот храм Свети Климент (Богородица Перивлепта). На 17 јули 1862 година, оваа зграда била опожарена при што во неа изгореле многу скапоцености и ракописи. Охриѓани сметале дека пожарот бил намерно предизвикан со цел да биде уништена најрепрезентативната зграда во градот и да се уништи споменот на древната и славна Охридска архиепископија, како симбол на црковната независност. Затоа по овој настан, уште повеќе го замразиле Мелетиј. Борбата на охриѓани против Мелетиј особено се засилила во 1862 година, кога тој ги отстранил членовите на епархискиот совет, бидејќи му се спротивставиле во намерата да земе такса од 3 турски лири од некој селанец за некое поднесено барање[29].

Судирот на населението со Мелетиј кулминирал во 1867 година, кога на 10 јули во храмот „Пресвета Богородица Каменско“ било свикано големо народно собрание, кое решило да престане да се споменува името на Мелетиј во богослужбите. Во таа прилика биле повикани и сите градски свештеници на кои категорично им било кажано: „Ако сте со нас, не спомнувајте го Мелетиј“[30]. Со генерално епархиско барање охриѓани покренале иницијатива пред султанот за обновување на Охридската архиепископија. Ова свое решение им го соопштиле и на народните претставници во османлиската престолнина. Од овие претставници добиле одговор преку писмо од 19 јули 1866 година, во кое стоело дека целосно го поддржуваат барањето за востановување на Охридската архиепископија како автокефална црква[31].

На 28 октомври 1867 г. охриѓани испратиле едно опширно изложување до константинополскиот патријарх и до неговиот синод, со кое се барало возобновување на древната Охридска архиепископија. Ова изложување било проследено со многу печати и потписи како лични така и од црковните управи и еснафите од Охрид и Охридско, Струшко, Ресенско и Преспанско[32]. За жал, Великата порта и Константинополската патријаршија не посветиле посебно внимание на овие барања, како и на протестите на населението од Охридско-преспанската епархија и не го отстраниле Мелетиј. Затоа, на 24 август 1869 година, охриѓани официјално ја прогласиле својата народна црковно-училишна општина, за чиј претседател го избрале свештеникот Василиј Касапов. Под управа на оваа општина се нашле сите градски храмови, па Мелетиј бил принуден да направи параклис во домот на поп Масин[33]. Свештеникот Василиј бил најучен и најитар меѓу свештениците и успешно управувал со општината сè до својата смрт во 1874 година[34].

Позицијата на Мелетиј во Охрид

[27] А. Шопов и Г. Стрезов, Кодекс на Охридската патриаршия, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, 10, София, 1894, 578-579.
[28] Г. Прличев, Автобиографија, Скопје 2004, 81.
[29] Снегаров, *op. cit.*, 60.
[30] Снегаров, *op. cit.*, 60.
[31] И. Снегаров, Нови данни за българщината в Македония, Македонски преглед, 4, София, 1925, 54-55.
[32] Кирил Патриарх Български, Българското население в Македония в борбата за създаване на Екзархията, София, 1971, 57-58 и 91.
[33] Е. Спространов *op. cit.*, 657.
[34] Шапкарев, *op. cit.*, 262.

особено се вклучила по создавањето на Егзархијата. Така, на 24 септември 1872 година архимандрит Натанаил Богданов од скопското село Кучевиште бил ракоположен од егзархот Антим I за прв митрополит на Егзархијата во Охрид[35]. Но, сепак, тој го добил државното потврдување на овој избор со берат дури во 1874 година, бидејќи Охридската епархија не била помеѓу посочените епархии во ферманот за создавање на Егзархијата од 1870 година. По спроведеното гласање во 1874 година во Охрид и околината, оваа епархија е присоединета кон Егзархијата, откако 9387 христијани се изјасниле дека сакаат епархијата да се приклучи кон Егзархијата, а само 139 христијани гласале против и сакале да останат под јурисдикција на Константинополската патријаршија[36].

Истата година за егзархиски митрополит во Охрид бил потврден Натанаил Охридски, кој со големо народно празнување бил пречекан во Охрид. Но, интригите на Мелетиј продолжиле и понатаму , па тој успеал да издејствува пред османлиската власт, соборната црква Свети Климент во Охрид, манастирот Свети Наум и црквата во Ресен да останат под негова управа и покрај жестоките противења на народот[37]. Но, откако со поткуп го придобиле на своја страна битолскиот мутесарифин, охриѓани успеале да ја стават под власта на Егзархијата црквата Свети Климент, а останатите две цркви уште долго останале под управа на Мелетиј и патријаршистите. На Мелетиј во Охрид му бил отстапен храмот Свети Врачи во кој продолжиле да богослужуваат малубројните приврзаници на Патријаршијата. Интригите на Мелетиј продолжиле и понатака, па така во овој период повеќемина охриѓани, меѓу кои и Григор Прличев, биле осудени по обвинение дека се приврзаници на идејата за панславизмот и биле затворени[38].

Во меѓувреме, по формирањето на Охридската егзархиска епархија, од 1872 година Мелетиј се преместил во Крушево, кое станало седиште на патријаршиската епархија. Официјално бил на чело на Охридската епархија сè до 1879 година, останувајќи запомнет по своите неморални и нечовечки дела[39]. На 11 април 1880 година, бил поставен за архиереј во Стагиската епархија[40]. По него, Патријаршијата продолжила да поставува свои митрополити „Преспански и Охридски“, какви што биле Александар Тријандафилидис (1880-1892), Антим Гедзис (1892-1895), Амвросиј Ставринос (1895-1896), Панарет Петридис (1896-1899), Антим Анастасијадис (1899-1906) и други, сè до поделбата на Македонија со Балканските војни. Но, седиштето на патријаршиската епархија било засекогаш преместено од Охрид во Крушево, а оваа епархија која практично останала без паства, била неатрактивна за архијереите кои, како што може да се забележи, не се задржувале долго на оваа катедра.

Откако застанал на чело на Охридската егзархиска епархија, заедно со својот секретар Стојан Костов, Натанаил подготвил детално изложување кое се однесувало на злоупотребите на османлиската власт. Документот бил потпишан од претставници на Охридската каза и испратен до Цариградската конференција од 1876-1877 година[41]. При избувнувањето на Руско-турската војна во 1877 година, Натанаил отпатувал во Цариград. Подоцна зел учество во Кресненското и во Разловечкото востание во 1878 и 1879 година. По двете востанија, Натанаил

[35] Български екзарх Йосиф I, Дневник, София, 1992, 55.
[36] Документи и материали за историята на българския народ, София, 1969, 192.
[37] Шапкарев, *op. cit.*, 265-267.
[38] Шапкарев, *op. cit.*, 262.
[39] Според Спространов той държал цял харем – имал на разположение няколко жени и водел една баба, която бабувала на бременните му жени. Според непотвърдени сведения тя му изабабувала (акуширала) общо 18 деца – 6 в Охрид и 12 в Крушево. Е. Спространов, По възраждането на град Охрид, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, 13, София, 1896, 637.
[40] Θ. Φιλιππαίου, Εκκλησίας Κωνσταντινουπόλεως Επισκοπαί καί Επίσκοποι (1833-1906), Γ´, Θεολογία 31 (4), Αθήνα, 1960, 550.
[41] Шапкарев, *op. cit.*, 278-279.





не можел да се врати во Македонија и прибегнал најпрво во Софија, а потоа во Враца и Ловеч. Во меѓувреме во Охрид било востановено егзархиско наместништво, а за наместник бил поставен архимандритот Дионисиј Врачански. До почетокот на 1880 година, Натанаил продолжил директно или преку егзархот да комуницира со Дионисиј и давал насоки за работата на привремениот епархиски совет. Во ова време, Охридската егзархиска општина се соочила со сериозна финансиска криза поради економското опаѓање на градот, а дополнителен проблем претставувало тоа што битолскиот валија Ахмед Мухтар паша не го признавал охридскиот архијерејски наместник, иако тој бил регуларно поставен од Натанаил. Поради ваквите околности, архимандритот Дионисиј барал да биде отповикан од Охрид, но по совет на егзархот останал на својата позиција[42].

Во 1882 година, егзархиски наместник во Охрид е свештеникот Христо Маленко, кој примал редовна плата од приходите на владичнината. Тој бил и претседател на црковната општина и имал надзор над целата епархија, давајќи им упатства на општините за црковно-народните прашања[43]. Членови на оваа црковна општина во тоа време биле поп Христо, поп Анастас Гаврилов, Георгиј Чакар, Јованче Савин, Коста Пипиле, Стефан Пармаков, Ангел Кауков и Јован Паскал[44]. На 6 мај 1885 година, црковната општина во Охрид празнично ја одбележала илјадагодишнината од упокојувањето на свети Методиј[45]. Со помошта на Охридската црковна општина, Егзархијата постепено ја утврдила својата организација во целата Охридска епархија, создавајќи бројни нови црковни општини[46].

Во 1884 година, за претседател на Охридската црковна општина бил избран свештеникот Георгиј Икономов[47], а на 5 декември 1884 година, за охридски митрополит бил поставен Синесиј Скопски. Синесиј бил роден на 10 октомври 1836 година, во ќустендилското село Скринјано. Пред да биде избран за охридски митрополит, бил заменик епископ во Штип (1875 – 1877), а раководел и со епархијата во Пловдив (1877 – 1878), а подоцна и со епархијата во Одрин (1878 – 1884, 1888 – 1890). Поради грчките интриги пред османлиската власт, тој добил берат дури на 1 август 1890 година.

Во Охрид пристигнал на 15 август, каде освен со грчкото и османлиското противење се соочил и со новата српска пропаганда, која постепено се раширила по признавањето на автокефалноста на Српската православна црква од страна на Константинополската патријаршија во 1879 година[48]. Имено, откако Патријаршијата го увидела големиот успех на Егзархијата во Македонија и свесна за своите големи загуби на оваа територија, своевиден спас на својата јурисдикција врз македонските епархии гледала во тесна соработка со Србија, што би требало да резултира со „заштита на српското население од споменатите епархии, кои како православни припаѓаат на јурисдикцијата на Патријаршијата, но постои закана да се бугаризираат преку Бугарската егзархија“[49]. По пристигнувањето во Охрид, Синесиј

[42] Кирил патриарх Български, Българската екзархия в Одринско и Македония след Освободителната война 1877-1878, Том I, книга 1, София, 1970, 563-566.
[43] Кирил патриарх Български, *op. cit.*, Том I, книга 1, 566.
[44] Кирил патриарх Български, *op. cit.*, Том I, книга 1, 642.
[45] Кирил патриарх Български, *op. cit.*, Том I, книга 2, 101-102.
[46] Кирил патриарх Български, *op. cit.*, Том I, книга 1, 566.
[47] Кирил патриарх Български, *op. cit.*, Том I, книга 1, 612.
[48] Α. Αγγελόπουλος, Πατριαρχικά έγγραφα-πειστήρια περί της συμβιώσεως Ελλήνων και Σέρβων ορθοδόξων εν Βόρειω Μακεδονία και Παλαιά Σερβία το Β’ ήμισυ του 19ου αιώνος: (συμβολή εις την πανορθόδοξον και οικουμενικήν αποστολήν του Οικουμενικού Πατριαρχείου Κωνσταντινουπόλεως), Μακεδονικά, 21, Θεσσαλονίκη, 1981, 110.
[49] Ibid. 110-111. За контактите и соработката помеѓу Србија и Константинополската патријаршија види повеќе: A. Angelopoulos, The Relations between the Ecumenical Patriarchate and the Church of Serbia during the period 1885-1912, Balkan Studies, 13, Thessaloniki, 1972, 119-127.

извршил обиколка на епархијата, а осветил и повеќе храмови[50]. Тој бил обвинет и за убиството на свештеникот Стојан Крстев во 1890 година во с. Подгорци, кој неколку месеци пред овој настан одбил да го прими митрополитот Синесиј во селскиот храм. Но, спроведената истрага покажала дека убиството го извршил некој Албанец – личен непријател на свештеникот[51]. Сепак, оваа случка била искористена од страна на српската пропаганда со тенденција да го претстави свештеникот Стојан како свој херој. Подоцна, неговиот син, кој ќе биде воспитан во Белград, ќе биде поставен за сенатор во времето на српскиот крал Александар.

Според сведоштвото на С. Радев, Синесиј не бил многу образован човек и за разлика од Натанаил не се одликувал со посебни лични квалитети и капацитети, освен со надворешна убавина. Добро говорел турски јазик. Умеел да ги покори чорбаџиите и да воспостави поредок меѓу свештенството[52]. Синесиј се обидел да го поткупи битолскиот валија Мехмед Фаик паша Селаникли за да го даде на Егзархијата патријаршискиот манастир Сврти Наум но, не успеал во тоа, бидејќи му била побарана огромна сума од 1000 лири, а Егзархијата за таа цел беше издвоила само 300 лири[53]. Бидејќи кога дошол во Охрид, Синесиј веќе бил со нарушено здравје, повеќепати барал од Егзархијата да биде разрешен и да му се дозволи да се лекува во Цариград. Барањето за разрешување од Охридската епархија му е прифатено конечно на 17 јули 1891 година, кога заминува во Ќустендил[54]. На негово место за митрополит во Охрид е поставен Григориј.

Григориј е роден во Стара Загора, во 1853 година. На 6 декември 1890 година бил ракоположен за епископ со титула Макариополски. Од 1891 година управувал со Охридската епархија на Егзархијата. На 6 август 1894 година е избран за митрополит Охридски. Веднаш по овој избор, на 15 август 1894 година, го осветил храмот Свети Кирил и Методиј во Ресен. Бидејќи, претходно, единствениот храм во градот бил под патријаршиска управа, населението во Ресен кое ја прифаќало јурисдикцијата на Егзархијата немало храм и се школувало во егзархиското училиште. Во 1897 година, Григориј ја изградил импресивната зграда на училиштето „Свети Климент Охридски", денес седиште на Дебарско-кичевската митрополија. Откако бил добиен султански берет за егзархиски митрополит во Битола во 1897 година, тој станал митрополит пелагониски[55], а на негово место во Охрид бил поставен Методиј.

Методиј бил роден во с. Зарово, Лагадинско (Солунско, во 1866 година. За охридски митрополит бил поставен во 1897 година, а со епархијата управувал 12 години. Се погрижил за градба на повеќе од 60 училишта во селата во Охридско, Преспанско, Ресенско и Демирхисарско. Бил во конфликт со ВМРО, па војводата Ѓурчин Петров од Слатино наредил да му се конфискуваат сите скапоцености, архијерејската митра и облеката[56]. Сепак, народот го чувствувал овој митрополит за свој, а луѓето му се обраќале нему за разрешување на меѓусебните конфликти[57]. Умира ненадејно во Солун, во 1909 година, на 43 годишна возраст. Антон Попстоилов пишува дека бил отруен од Грците[58].

[50] Синесий, епископъ въ Щипъ и Пловдивъ и митрополитъ въ Одринъ, Охридъ и Скопие. Автобиографични бележки, София, 1934, 15.
[51] С. Радев, Ранни спомени, София, 1967, 141 - 142.
[52] Ibid.
[53] Синесий, епископъ въ Щипъ и Пловдивъ и митрополитъ въ Одринъ, Охридъ и Скопие. Автобиографични бележки, София, 1934, 16.
[54] Ibid.
[55] Б. Цацов, Архереите на Българската православна Църква, София, 2003, 290-291.
[56] М. Бошнакова, За революционера Милан Матов и неговите спомени, София, 2011, 10.
[57] Д. Смилески, Косел, Охрид, 2019, 193-195.
[58] А. Попстоилов, Село Зарово, Солунско. Историко-фолклорно и езиковедско изследване, София, 1979, 129.





Сето погоренаведено покажува дека втората половина на XIX век претставува особено бурен период од историјата на Охридската епархија. Како клучен настан од овој период треба да се издвои силната борба на домородното население за црковно осамостојување и народно будење, вдахновувано од сеќавањата за некогаш славната Охридска архиепископија. Овој долг и макотрпен процес започнал со бунтот против туѓиот недомороден епископат кој го наметнувала Патријаршијата и делумно постигнатиот успех со добивањето на народен епископ во ликот на егзархискиот митрополит Натанаил Кучевишки и на неговите наследници, од кои со исклучок на Григориј, сите останати потекнувале од Македонија. Сепак, народната борба на домородното македонско население во Охридската епархија не запрела тука, туку продолжила понатаму, совладувајќи ги новите предизвици. Еден од овие предизвици била и српската пропаганда која нема да има особен успех во Охридската епархија, чие население во најголем дел ќе остане под јурисдикција на Егзархијата, сè до Балканските војни. Сите овие турбулентни процеси од втората половина на XIX век, доведе до созревање на македонската самосвест кај населението во Охридската епархија, кое во наредниот век уште поинтензивно ја продолжило својата борба за духовна и национална независност.

**Viktor Nedeski**
Church circumstances in the Ohrid Diocese in the second half of the XIX century

**Summary**

The second half of the 19th century is a particularly turbulent period in the history of the Ohrid Diocese. As a key event of this period should be singled out the strong struggle of the indigenous population for church independence, inspired by the memories of the once glorious Ohrid Archbishopric. This long and arduous process began with the revolt against the foreign immature bishopric imposed by the Patriarchate and the partial success achieved by obtaining a people's bishop in the person of Exarchate Metropolitan Nathaniel Kucevishki and his successors, who with the exception of Gregorius, were from Macedonia. However, the popular struggle of the indigenous Macedonian population in the Ohrid Diocese did not stop here, but continued further, overcoming the new challenges. One of these challenges was the Serbian propaganda, which will not have much success in the Ohrid Diocese, whose population will remain for the most part under the jurisdiction of the Exarchate until the Balkan Wars. All these turbulent processes from the second half of the XIX century, led to the maturation of the Macedonian self-awareness of the population in the Ohrid Diocese, which in the following century continued its struggle for even more intense spiritual and national independence.

СОДРЖИНА

**Вера Стојчевска Антиќ,**
Појави на славени маченици ..... 7

**Васил Ѓоргиев-Ликин,**
Краток осврт за потеклото на Василиј I, основачот на
македонската династија во Византија ..... 15

**Ване П.Секулов,**
Гробницата и петелот ..... 25

**Зоран Рујак,**
Рановизантиска стражарска кула „Приго - Каљ'ната“ Мокриево ..... 45

**Душко Цветанов,**
Радовиш – средновековен рударски центар ..... 61

**Иван Нацевски,**
Грбовите на Македонија во западноевропските средновековни извори ..... 75

**Јован Јоновски,**
Македонски блазон на грбовите од статијата “Благородништвото и
грбовите на некои благородници ароманци присутни на
темишварскиот собир во 1790 година“ од Марко Атлагиќ ..... 89

**Виктор Недески,**
Црковните прилики во Охридската епархија во
втората половина на XIX век ..... 101

**Бранко Ѓоргиев,**
Македонската револуционерна организација во постојана поставка на
Завод и музеј-Струмица ..... 111

**Мирјана Нинчовска,**
Александар (Сандо) Китанов ..... 123

**Магдалена Василева,**
Црквата Св.Димитрија во селото Конско ..... 137

**Драган Ѓеоргиев,**
Струмичани во виорот на Големата војна 1915-1918 ..... 147

**Лилјана Макаријоска,**
Терминологијата како извор за македонското традиционално занаетчиство ..... 157

**Иван Котев,**
Обредните песни од Струмичко ..... 171

**Јасмина Пијанманова,**
Музеите и нивната улога во општеството ..... 189

CONTENT

**Vera STOJCHEVSKA ANTIKJ,**
The appearance of celebrated martyrs ..... 7

**Vasil GJORGIEV-LIKIN,**
A brief overview of the origins of Basil I, the founder of
the Macedonian dynasty in Byzantium ..... 15

**Vane P. SEKULOV,**
The tomb and the rooster ..... 25

**Zoran RUJAK,**
The early Byzantine watch tower “Prigo – Kalj'nata” Mokrievo ..... 45

**Dushko CVETANOV,**
Radovish – a medieval mining centre ..... 61

**Ivan NACEVSKI,**
The coats of arms of Macedonia in the Western European's medieval sources ..... 75

**Jovan JONOVSKI,**
Macedonian blazon on the coats of arms from the article
“Nobility and coats of arms of some Aromanian nobles present at
the Timișoara meeting in 1790” by Marko Atlagikj ..... 89

**Viktor NEDESKI,**
The church conditions in the Ohrid diocese in
the late 19th - century ..... 101

**Branko GJORGIEV,**
The Macedonian Revolutionary Organization in the permanent setting
at the Institute and Museum-Strumica ..... 111

**Mirjana NINCHOVSKA,**
Aleksandar (Sando) Kitanov ..... 123

**Magdalena VASILEVA,**
The church of St. Dimitrija in the village of Konsko ..... 137

**Dragan GJEORGIEV,**
Strumica citizens in the whirlwind of the Great War 1915- 1918 ..... 147

**Liljana MAKARIJOSKA,**
TThe terminology as a source for Macedonian traditional craftsmanship ..... 157

**Ivan KOTEV,**
The ritual songs from the Strumica region ..... 171

**Jasmina PIJANMANOVA,**
Museums and their role in societyo ..... 189

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
70 ГОДИНИ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – СТРУМИЦА

За издавачот
**Ване Јованов**

Лектор
**Виолета Крстеска**

Превод од македонски на англиски јазик
**Милкица Масева**

Компјутерска обработка
**ЕПП студио, Струмица**

Печат
**ДПТУ Фокус Принт, дооел, Скопје**

Тираж
300 примероци

Печатењето на Зборникот на трудови е помогнато од
Министерството за култура на Република Македонија